На првиот повик за акциски грантови во новата фаза на Цивика мобилитас **пристигна а 131 пријави**, од кои 123 беа поднесени на последниот ден, а дел и по истекот на рокот. Денес (27.3.2019г.) **започна проверката за административна усогласеност и подобност на пријавите**. Се очекува добитниците да бидат познати **до крајот на април**, по што сите пријавени организации ќе бидат известени, а со добитниците ќе бидат склучени договорите.



Повикот за акциски грантови беше објавен на 26 февруари 2019 година, а заинтересираните граѓански организации и непрофитни научно-истражувачки установи имаа можност да ги поднесат нивните пријави до 25 март 2019 година. Информативната сесија за повикот се одржа на 12 март, а истата ја следеа околу 300 претставници на граѓански организации.